Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-670/3
Датум: 25-12-2024

По претставката бр. 08 – 670/1 од 17.10.2024 година, поднесена од [redacted] против Општина Бутел, Град Скопје, Дарко Костовски и Данела Арсовска, за заштита од дискриминација врз основа на здравствена состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 25.12.2024 година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За офрлање на претставката поради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 670/1 од 17.10.2024 година, поднесена од [redacted] против Општина Бутел, Град Скопје, Дарко Костовски и Данела Арсовска, за заштита од дискриминација врз основа на здравствена состојба **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 17.10.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на здравствена состојба, од страна на [redacted] против Општина Бутел, Град Скопје, Дарко Костовски и Данела Арсовска.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот (име и презиме и адреса), податоци за лицето против кого се поднесува претставката (име и презиме и адреса), околностите и фактите врз кои се темели претставката (дескриптивен опис на настанот), податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Поради тоа што претставката **беше нечитка**, Комисијата согласно член 24, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 25.10.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот. Со истото го задолжи подносителот **да ја доуреди претставката, со тоа што ќе ја подготви во компјутерски испечатен формат и ќе ја достави поштенски или електронски до Комисијата. На подносителот му беше напоменато дека доколку не е во можност компјутерски да ја изготви претставката, може да се јави во просториите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за истата да се изготви на записник.**

**За потврда на приемот на Барањето за доуредување на претставката до Комисијата беше доставена поштенска повратница, од која се потврдува прием на писменото на 28.10.2024 година.**

**До донесувањето на овој Заклучок, до Комисијата сè уште не е доставена уредна претставка, ниту подносителот се јави во просториите на Комисијата за изготвувања на претставката на записник. Оттука, Комисијата не е во можност да ја утврди фактичката состојба наведена во претставката, поради тоа што истата е нечитка.**

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката со бр. 08 – 670/1 од 25.10.2024 година поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]